Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 17-2705/26
06.04.2021 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/2019 и 110/2019), член 112 став 2 и член 114 став 1 алинеа 7 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019), Министерот за здравство, донесе

ОДЛУКА
за поништување на постапка со преговарање без објавување на оглас бр. 2705/2021 за јавна набавка Нова медицинска опрема наменета за соодветно спроведување на здравствен третман на пациентите болни од COVID-19, за потребите на Јавните здравствени установи на подрачјето на Град Скопје

1. За Постапката за јавна набавка на стоки со Преговарање без објавување на оглас бр. 2705/2021 со предмет на набавка - **Нова медицинска опрема наменета за соодветно спроведување на здравствен третман на пациентите болни од COVID-19, за потребите на Јавните здравствени установи на подрачјето на Град Скопје**, не се врши избор и постапката СЕ ПОНИШТУВА врз основа на член 114 став 1 алинеа 5 и член 112 став 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија бр. 24/2019), од причина што оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019), Министерството за здравство, преку Комисијата за јавни набавки формирана со Одлуката за доделување на договор за јавна набавна на стоки бр. 17-2705/3 од 29.03.2021 година, спроведе постапка со Преговарање без објавување на оглас, за набавка на **Нова медицинска опрема наменета за соодветно спроведување на здравствен третман на пациентите болни од COVID-19, за потребите на Јавните здравствени установи на подрачјето на Град Скопје**, на која со свои понуди учествуваа следните економски оператори:

| Р.бр. | Понудувач |
|---|---|
| 1 | Друштво за производство и услуги НЕТ-ЕЛЕКТРОНИКС Владимир ДООЕЛ Скопје |
| 2 | Друштво за производство, трговија и услуги ХОССАМ ДОО увоз-извоз Скопје |
| 3 | Друштво за трговија и услуги КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје |
| 4 | Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје |
| 5 | Друштво за производство, промет и услуги БИ-МЕК ДОО Скопје |
| 6 | Друштво за производство,промет, услуги и посредување ДОМИНО ДООЕЛ Тошко Мавродиев,увоз-извоз Скопје |
| 7 | д-р ПАНОВСКИ А.Д. - Скопје |
| 8 | Друштво за трговија и услуги СОНИКС ДООЕЛ - Скопје |
| 9 | ЕВРО-ТИМ - Скопје |
| 10 | ХИПОМЕД ДООЕЛ - Скопје |
| 11 | Друштво за трговија и услуги РЕПРО МЕДИКА ДООЕЛ - Скопје |
| 12 | Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ - Скопје |
| 13 | ДППСМО ВИНОРА ДООЕЛ - Скопје |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

По целосната проверка на документацијата од спроведената евалуација и евалуацијата спроведена од страна на стручната комисија во делот на исполнување на условите и критериумите наведени во делот на Тендерската документатација, Комисијата за јавни набавки изготви и до Министерот достави Извештај од спроведена постапка, со кој предлага Министерот за здравство на Република Северна Македонија како овластен, да донесе Одлука за поништување на постапката за јавна набавка на стоки со Преговарање без објавување на оглас, за набавка на нова медицинска опрема наменета за соодветно спроведување на здравствен третман на пациентите болни од Covid-19, за потребите на јавните здравствени установи на подрачјето на Град Скопје врз основа на член 114 став 1 алинеа 5 и член 112 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019), од причина што оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци, односно оцени дека тендерската документација во делот на техничката спецификација би можела да доведе до неисполнување на начелата од Законот за јавните набавки.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно средство:**

Против оваа Одлука незадоволниот економски оператор има право да поднесе жалба врз основа на член 138 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019).

Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН, согласно член 142 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019).

Жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на приемот на оваа Одлука за избор на најповолна понуда согласно член 143 став 1 алинеа 4 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019).

**МИНИСТЕР,**
**Д-Р ВЕНКО ФИЛИПЧЕ**

VENKO FILIPCHE

Digitally signed by VENKO FILIPCHE
Date: 2021.04.06 09:29:34 +02'00'


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk